ЗНАЕТЕ?

# ДАЛИ

## ЗА ВЕЛИГДЕНСКОТО ЈАЈЦЕ

Јајцето е симбол на животот, а велигденското јајце го симболизира Христовото воскресение од мртвите. Постојат повеќе верзии на легендата во врска со боењето на јајцата на Велигден. Една од нив е следната: Проповедајќи го Евангелието, Света Марија Магдалена дошла во Рим кај царот Тибериј.



# ЗНАЕТЕ?

Според тогашниот обичај, требало на царот да му се даде некаков подарок. Света Марија му дала едно обично јајце и му рекла: „Христос воскресна!“ Царот се изненадил на ваквиот поздрав и рекол: „Како може некој да воскресне од мртвите? Во тоа може да се поверува толку колку што може да се поверува дека ова јајце може да стане црвено!“ И додека царот зборувал, јајцето почнало да ја менува бојата и станало црвено.

После овој настан е востановен обичајот на велигденското вапсување на јајцата, во спомен на Христовото Воскресение.

Црвената боја ја симболизира Божествената природа на Христа; тоа е бојата на Божествената љубов.



Според други кажувања во Рим веќе постоел обичајот на дарување боени јајца за Нова година, и кога светата Марија Магдалена дошла кај царот Тибериј да го проповеда Евангелието (по Христовото Вознесение), таа го поздравила царот со зборовите „Христос воскресна“, и му го подарила обоеното јајце.